Совет на Општина Делчево
Број 09-714/2
14.04.2020 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 39.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 14.04.2020 година (вторник), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Билјана Ѓеоргиевска
12. Кристи Стојковски
13. Вице Стоиловски
14. Дијана Јосифовски

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 39.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 37.седница
-Усвојување на Записник од 38.седница

1.Предлог-Одлука за ослободување од комунална такса за користење на простор пред деловен простор во општина Делчево;

2. Предлог-Одлука за измена на распоредот нса средствата во Буџетот на општина Делчево за 2020 година;

3.Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;**Образлагач**:По точките 1, 2 и 3-Шабан Багашов-раководител на Сектор за финансиски прашања.

4.Предлог-Одлука за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности и определување на субјекти на кои им се доставува целосна или извод од Процена на загрозеност наподрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;

**Образлагач:** Драган Балас-Раководител по овластување на Центар за управување со кризи Делчево.

5.Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација зграда бр.1- Објект за чување на крави и чување на храна за животни по барање на **Марјан Стојановски;**

6.Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документацијазграда бр.1 - Помошен земјоделски објект за чување на земјоделски производи по барање на **Кирил Спасевски;**

7.Предлог-Одлука за финансиски средства за поддршка на Џамија Султан Фатих Мехмет II Делчево;

8.Предлог-Одлука за парична помош по барање на Елена Цековска од Делчево;

9. Предлог- Одлука за финансиски средства за поддршка на МЗ Вирче;

**Образлагач:** По точките 7,8 и 9-Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

10.Одлука за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2019 година;

**Образлагач**: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево

11. Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2019 година;

**Образлагач**: Марија Сумрачка-Одговорен сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

12.Предлог-Одлука за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево;

13.Предлог-Одлука за општо ослободување од плаќање на комунална такса за јавно ослободување на иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија;

**Образлагач**: Кире Цоневски-Соработник за превенција и заштита.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред и предложи точките 5 и 6 да се симнат од дневен ред бидејќи истите се однесуваат на објекти со различна намена од намената утврдена во важечката УПД од кои едниот се наоѓа во близина на резервоар за вода во Трети реон. Тој ги запозна членовите на Советот дека за истите објекти Општина Делчево има донесено Решение за одбивање во 2019 година, по истите решенија странките поднеле жалби до второстениот орган, т.е. Министерството за транспорт и врски кое ги уважило жалбите и предметите се вратени на првостепениот орган (Општина Делчево) на повторна постапка. Согласно член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, во случаи кога барањето за легализација на објект се однесува за објект чија намена не е во согласност со намената во УПД и е надвор од плански опфат, се донесува заклучок за прекин на постапка и

службено се доставува барање до советот за донесување одлука. Бидејќи сметам дека се потребни дополнителни консултации и јмислење од служБите и надлежната Комисија за урбанизам, барам оие две точки да не се разгледуваат на денешната седница, а по извршените дополнителни консултации, ќе бидат ставени на дневен ред на некоја наредна седница.

За збор се јави Сашко Ивановски кој имајќи ја предвид состојбата со коронавирусот и последиците од неа, предложи дневниот ред да се дополни со уште 3 точки и тоа:

1. Одлука за ослободување на фирмите од плаќање на комунална такса за истакната фирма;
2. Одлука за намалување на данокот на имот за 1/6 или 16,6%;
3. Одлука за намалување на комуналната такса од страна на ЈКП „Брегалница"за 1/6;

Претседателот на Советот рече дека предлозите се во ред и се целеисходни, но не се за денешната седница бидејќи нема конкретни предлог-одлуки. Треба да се понудат конкретни и издржани одлуки. Исто така, потребно е да се консултирам со градоначалникот и службите во Општината. Што се однесува до предлогот за донесување на Одлука за ослободување на фирмите од плаќање на комунална такса за истакната фирма, имавме некои разговори со градоначалникот, но најдобро би било на наредна седница. Еве, јас како претседател на Советот земам обврска да разговарам со градоначалникот во врска со овие предлози, рече Д.Маневски.

Кирил Тренчевски рече дека предлозите се во ред и се во интерес на граѓаните, но најдобро би било да се усвојат по завршувањето на кризата бидејќи не се знае уште колку ќе трае и кога ќе заврши.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и претседателот на Советот го стави дневниот ред за 39.седница на уссвојување со предлогот точките 5 и 6 да се повлечат/симнат од дневен ред.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 39.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за ослободување од комунална такса за користење на простор пред деловен простор во општина Делчево;**

Во отсуство на Шабан Багашов и Анка Христова,оваа точка беше образложена од страна на Кирил Тренчевски-претседател на Комисијата за буџет кој рече дека со оваа одлука се ослободуваат од плаќање комунална такса за користење на простор пред деловен простор угостителските објекти (кафеани, кафичи, гостилници и слично) и нивните истурени деловни места (бавчи и тераси ).
Комуналната такса за користење на простор пред деловен простор е утврдена во членот 4 во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во општина Делчево бр.07-1094/1 од 05.06.2014 година, во износ од 7,00 денари. Ослободувањето од плаќање на оваа такса се однесува за месеците април и мај 2020 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека оваа одлука е доказ дека мнозинството во Советот има двојни аршини, т.е. дека за неговите предлози образложениeто на К.Тренчевски било дека не треба да се разгледуваат денеска на дневен ред бидејќи не се знае до кога ќе трае кризата со Коронавирустот, а како прва точка на дневен ред се донеува одлука со која граѓаните ослободуваат од плаќање комунална такса за користење на простор пред деловен простор угостителските објекти (кафеани, кафичи, гостилници и слично) и нивните истурени деловни

места (бавчи и тераси ) и дека не е во ред да се има двојни аршини за иста работа.

Драган Маневски рече дека  сите треба да имаат предвид дека оваа седница се одржува во услови на пандемија и дека нема потреба дасе комплицираат работите и да се одоговлекува дискусијата без потреба. Предлозите на советникот се во ред, но нема конкретни предлози, нема изготвено одлуки кои би требало да ги разгледа и донесе Советот.

Кирил Тренчевски рече дека оваа одлука е донесена врз основа на Уредбата на Владата на РСМ со која се затвараат  кафеаните, ресторанитe и кафичите и затоа се ослободуваат од комуналната такса бидејќи не работат и нема да работат 2 месеца.

Влатко Величковски рече дека комуналната такса за  користење на простор пред деловен простор угостителските објекти (кафеани, кафичи, гостилници и слично) се плаќа пред почнување на сезоната, а не по нејзиното завршување и дека носењето на 1 ваква одлука од страна на Советот е сосема во ред.

Ванчо Велиновски рече дека предлозите дадени од страна на Сашко Ивановски се во ред и добронамерни и треба да се разгледа можноста да бидат прифатени. Исто така, забелешката од страна на претседателот на Советот дека Советот денеска не може истите да ги разгледа и да донесе одлуки е сосема во ред бидејќи нема изготвено конкретни одлуки.

Претседателот на Советот рече дека тој ќе разговара и со градоначалникот и со директорот на ЈКП „Брегалница“ за овие предлози и ќе ги информира советниците за тоа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од комунална такса за користење на простор пред деловен простор во општина Делчево;

**Втора точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2020 година;**

И оваа точка ја образложи К.Тренчевски кој рече дека имајќи ја предвод новонастаната сотојба со пандемијата од Коронавирус и мерките за заштита и превенција од истата, се наметнува потреба од измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Делчево за 2020 година. Со одлуката се пренаменуваат средства од ставките за надоместоци и репрезентација на ставките за набавка на средства за дезинфекција.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која побара писмено да и се достави одговор од која ставка и каде се наменуваат средствата во делот Општинска администрација (други надоместоци и материјали) 404 150 и 423 990?

Бидејќи никој друг не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2020 година.

**Трета точка-Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево**

**за 2020 година;**

Образлагач и по оваа точка беше К.Тренчевски кој рече дека со цел поефикасно и поуспешно справување со Коронавирусот отворена е донаторска сметка. Се очекува дека на истата ќе бидат донирани 400.000 денари од физички лица и 250.000 денари од правни лица, се вкупно 650.000 денари и затоа мора да се донесе ваква одлука за проширување на средства.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност наподрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности и определување на субјекти на кои им се доставува целосна или извод од Процена на загрозеност наподрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;**

Образлагач по точката беше Драган Балас-Раководител по овластување на Центар за управување со кризи Делчево кој рече дека Регионалниот центар за управување со кризи Делчево изврши ажурирање на Проценатаза општина Делчево.Поради обемноста на содржината на процената (150 страници), нејзиното разгледувањеимплицира одземање на повеќе време на седниците на советот на општина Делчево и соодветнона тоа и дополнителни финански средства, Регионалниот центар за управување со кризи Делчево и претставниците на општината Делчево определени за подготвување и извршување наработни задачи во врска со превенција и справување со кризна сосотојба, констатираа потреба од изработка на ова резиме на Проценета кое како формален акт не се донесува, но има улога да ја приближи ажурираната верзијата до донесувачите.Ажурираната Процена од страна на Регионалниот Центар за управување со кризи Делчево во целост е доставена во печатена верзија како и во електронска верзија (PDF) до Советот на општина Делчево со цел да биде доставена до советниците на општината за нејзино разгледување до нејзиното донесување. Во денешната одлука која е на дневен ред се определни и субјектите до кои треба да се достави целосна или извод од Процена на загрозеност наподрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности, доколку нешто посебно Ве интересира, Ви стојам на располагање, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА3, против и воздржани нема, советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност наподрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности и определување на субјекти на кои им се доставува целосна или извод од Процена на загрозеност наподрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;

**Петта точка-Предлог-Одлука за финансиски средства за поддршка на Џамија Султан Фатих Мехмет II Делчево;**

Точката ја образложи претседателот на Советот кој рече дека од страна на Џамијата Султан Фатих Мехмет II е поднесно барање до Советот за средства з аподдржка на нивната

работа. Разговарав со службите од Секторот за финансии и со Градоначалникот и предлогот е 20.000 денари, рече тој.

Беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиски средства за поддршка на Џамија Султан Фатих Мехмет II Делчево;

**Шеста точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање на Елена Цековска од Делчево;**

Образлагач по точката беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека од страна на Елена Цековска од Делчево, до Советот, за лекување на нејзината ќерка. Во прилог на барањето има медицинска документација, сметки за трошоци од анализа и сл. Предлогот и за ова барање е 20.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша дали има можност да се донесе одлука за повеќе средства?

Претседателот на Советот рече дека би било во ред повеќе средства, но моментално тоа се можностите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и водржани нема, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање на Елена Цековска од Делчево;

**Седма точка Предлог- Одлука за финансиски средства за поддршка на МЗ Вирче;**

Образлагач по точката беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

Во врска со оваа точка тој истакна дека Барањето е доставено од страна на МЗ од с. Вирче средствата им се потребни за санирање на камбанаријата во целото. Според нивното барање кое се однесува на градежни материјали се потребни одолу 12.450 денари. Предлогот е да се донесе одлука за 13.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на општина Делчпево ја донесе и оваа одлука.

**Осма точка-Одлука за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој рече дека ЈКП „Брегалница“ е основано заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес која ја врши трајно и без прекин, а неговата работа е јавна и транспарентна и

претставsва незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Делчево.ЈКП работи согласно Законот за комунални дејности, Законо0т за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за управување со отпадот, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Организациската поставенот на претпријатието е следна:
1. Сектор за општи и правни работи;
2.Сектор за финансии, сметководство и комерција;
3.Сектор за водовод и канализација;
4. Сектор за комунална хигиена;
5.Сектор за градско зеленило и гробишта
Бројот на вработени заклучно 31.12.2019 година е 73 во редовен работен однос и 18 преку Агенција за привремени вработувања. Во продолжение на образложението директорот ги истакна реализираните активности во 2019 година од страна на секој од погоре наведените сектории рече дека Секторот за водовод и канализација во 2019 година ги извршил следните активности:отстранети 75 дефекти на водоводните линии во Делчево и селските населби, извршение се 35 интервенции на разводната мреша во градот и селските населби, одговорено е на сите повици на граѓаните и отстранети се 90 дефекти на правни и физички лица, санирани се 8 главни вентили, заменети се 120 неисправни водомери, санирани се 35 канализациони шахти, извршеное е отпишување на запишени канализации на главни линии во 30 наврати и сл. Покрај редовните активности на овој Сектор во 2019 година е изградена на нова водоводна линија во наслеба „Пролет" во должина од 100 м1 со 4 водоерни шахти, извршена е реконструкција на поцинкована водоводна линија на крак на ул. „Григор Прличев" во должина од 163 м1 и е заменета со ПЕ црево,извршена е изградба на нова водоводна линија на ул. „М.Тито" во населба Стрелиште, извршенио е премостување на водоводна линија на ул. „Св.Кирил и Методиј", извршеное е поврзување на водоводна линија на конаци во манастирски комплекс Св.Богородица Балаклија, извршене е реконструкција на дел од вододоводна линија на ул. „Булевар Македонија", извршено е перење и дезинфекција на резервоарите за вода во селата Разловци и Ѕвегор, како и на резервоарот на м.в. „Чуката" и др.

Градежната група во рамките на овој Сектор во 2019 година има извршено повеќе активности кои во извештајот ви се презентирани на страна 6, 7 и 8 и се дадени по локалитети, а исто така табеларно се дадени и инвестициите во овој сектор. Во 2019 година за потребите на ЈКП беше набавена градежна машина универзален ровокопач Hidromek со даска за снег во вредност од 5.306.460, градежна машина универзален ровокопач натоварувач JCB вредност 4.539.254, полуотворено возило 1.534.000, брусалки, хилти, дупчалки, кварцен песок, активен јаглен, хлор и др. Во вкупна вредност 13.110.753.

Секторот комунална хигиена сбоите тековни активности во 2019 година ги обавувал со три специјални возила за собирање на отпад и 2 трактора. Во овој перио извршено е собирање, транспортирање и депонирање на ком.цврст отпад во количина од 5.180 тони или 431 тон

месечно. Собран е 120 тони индустриски отпад или по 10 тони месечно. Во месеците октомври, ноември и декември се собира растителен отпад од дворните места. Во неколку наврати било целосно чистење на градската депонија со булдожер БНТ заради добивање на чиста површина за депонирање и е извршено опесочување на истата со 80м3 песок и шљунак. Во извештајниот период се чистени дивите депонии, коритото на реките Брегалница и Габровчица, како и на сите ендеци. Инвестициите во овој Сектор се во вкупен износ 149.406,00 денари.

Во 2019 година е извршено редовно косење, гребулење, собирање и изнесување на тревата и друг отпад, садење на сезонско цвеќе, поправка и одржување на парковски клупи и реквизити, полевање на тревата и цвеќињата, кастрење на суви гранки и кроење на украсни дрвца и грмушки. Во 2019 година биле засадени 5000 парчиња цвеќе. И во овој Сектор има инвестиции во вкупна вредност 498.976,00 денари со кои се набавени:мултифункционална тракторска косилка со приклучен елемент, дувалка за снег, моторни косилки, калорифер, знамиња, цвеќиња.

ЈКП „Брегалница" во своето работење за 2019 година остварило позитивен позитивен финансиски резултат во износ од 728.371,00 денари. Приходите се остварени во износ 45.850.398,00 денари, а расходите 44.902.231, 00 денари.

Процентот на наплата ви е претставен табеларно по месеци, нема некој поголема разлика од претходни години, констатен е. Она што посебно сакам да го истакнам е дека во овој перио се намалени дилгорочните обврски на ЈКП за 3.050.077,00 денари споредено со 2018 година и истото се должи на отплатени обврски по основ на неизмирени обврски за ДДВ, ДД и камати за претходните 10 години (Решение на УЈП 28-19/4 од 09.03.2018). Согласно ова Решние главниот долг изнесува 7.603.552, допресметани камати 227.174, данок на добивка од камати 577. 509,00 денари. Вкупните обврски кон УЈП се 8.408.435, а во 2019 се отплатени 3.050.077 ,00 денари. Доколку ве интересира нешто друго, повелете со прашања, рече директорот Стојче Стојковски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која шраша за што се потрошени средствата на страна 20, ставки 404 и 432?

Марија Сумрачка рече на 404 се средства потрошени за резервни делови за возилата со кои располага ЈКП, а на 432 средства за амортизација на патничките и транспортните возила.

Ванчо Велиновски праша за што се потрошени средства за спонзорство на ставка 443?

Директорот рече дека најчесто се барања за спонзорство на спортски клубови, но понекогаш има и барања за лекување или операција.

Билјана Ѓеоргиевска праша на што се должи зголемувањето на средствата за репрезентацина во однос на 2018 година од 79.536 на 201.304 во 2019 и праша кога ќе бидат набавени новите возила за собирање на смет?

Директорот рече дека тие средства се  зголемени во однос на 2018  затоа што имало потреба од тоа. Во 2015 и 2016 година за репрезентација биле тропени по 192.000 и 200.000,00 денари, во 2018 околу 80.000, сега во 2019 се толку за колку што имало потреба. Во врска со возилата за смет кои треба да ги добие ЈКП тој рече дека сите постапки се завршени и се очекува да бидат дистрибуирани во најскоро време. Но, имајќи ја предвид ситуацијата со пандемијата, не можам точно да кажам, не зависи од нас, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" , 5 „ПРОТИВ", воздржани нема, Советот на Општина Делчево, ја донесе Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2019 година;

**Деветта точка-Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-Одговорен сметководител на ЈКП „Брегалница"-Делчево која рече декаГодишната сметка на ЈКП „Брегалница"-Делчево е изготвена во согласност со меѓународните  стандарди за финансиско известување кои се применуваат во РСМ согласно законот за трговски друштва за мали и средни ентитети. Годишната сметка е поединечна, а валутата е македонски денар. Значајни користени сметководствени политики се материјални средства, парични средства и парични еквиваленти и побарувања од купувачите и обврски кон добавувачите, и приходите. Матријалните средства се презентирани според нивната набавна вредност намалена за амортизацијата која се пресметува со примена на пропорционалниот метод за периодите на користен век на средствата со примена на следните стапки 2,5% за згради, 25% за моторни возила и комјутери и 10-25% за мебел и опрема. Паричните средства се состојат од готовински парични средства и денарска благајна, а побарувањата од купувачите се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања. Обврските спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност. Приходите од продажба на добра се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите се прикажани по фактурна вредност, намалена за попусти и данокот на додадена вредност. Приходите се зголемени во однос на 2018 година и тоа се должи на покачената цена на водата, но и на зголемената потрошувачка на водата, а со тоа и на канализацијата. Процентот на наплата во проес е 81% и е задоволителен, што се однесува до приходите и расходите, бројките се тие кои ги кажа и директорот во Извештајот претходно, обврските спрема УЈП се уште 1.740.211. Доколку има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која праша зошто е толку висока ставката за резервни делови, а рековте дека има набавено многу нови возила?

М.Сумрачка рече дека тие резервни делови се набавени токму за новите машини и возила, да ги има, за да не доаѓа до застој во работата доколку се јави дефект и таа детално кажа колку средства за кое возило се потрошени.

Бидејќи никој друг не се јави за звор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2019 година.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево;**

Оваа точка ја образложи Кире Цоневски кој рече дека потребата за ревидирање и проширување на овој Штаб се јави како резултат на актуелната состојба со Коронавирусот, а се со цел поефикасна работа и поуспешно справување со оваа криза, во материјалот што ви е доставен е направен пропуст од моја страна. Штабот треба да се дополни со директорот на ЈКП, претставник на ДЗС, РЦУК и Влатко Ристов како инпектор во ДЗС.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор с ејави Кирил Тренчевски кој поабара во штабот да бидат вклучени претседателот на Советот  и двајца членови на Советот.

Беа предложени Катица Трајкова Тасева и Сашко Ивановски како членови на советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а одлуката со сите предлози, Штабот за ЗС да биде дополнет со:Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево,Стојче Стојковски-ЈКП „Брегалница“-Делчево,Драган Балас-РЦУК Делчево,Сузана Велкова-Дирекција за заштита и спасување ПО Делчево, Влатко Ристов-Инспектор при Дирекција за заштита и спасување ПО Делчево, Катица Трајкова Тасева-Совет на Општина Делчево,Сашко Ивановски-Совет на Општина Делчево, беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлука за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево

**Единаесеттата седница Предлог-Одлука за општо ослободување од плаќање на комунална такса за јавно ослободување на иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија.**

Образлагач и по оваа Кире Цоневски-Соработник за превенција и заштита кој рече дека со оваа Одлука Советот на Општина Делчево ги ослободува од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување лоцирани и поставени:

**-придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување**

Доколку во наредниот период се постави систем за јавно осветлување, имателите на објекти на споменатите населени места ќе бидат дополнително задолжени со наведената такса.

Со исцрпуваењто на дневниот ред, 39.седница заврши со работа во 13:26

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски